Акционерско Друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА VIENNA INSURANCE GROUP
Бр. 02 - 3199/3
21.05 2020 год.
Скопје

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА

VIENNA INSURANCE GROUP

**ДО:**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ - VIENNA INSURANCE GROUP И СИТЕ ДРУГИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ**

**ПРЕКУ:**
**Македонска берза за хартии од вредност АД Скопје**
**Ул. Орце Николов бр.75, Скопје**

**Предмет:** Објава на ценовно чуствителна информација

**Датум:** 21.05.2020 година

**Почитувани,**

во врска со годишното акционерско собрание за деловната 2019 година на Осигурување МАКЕДОНИЈА а.д. Скопје - Виена Иншуренс Груп (закажано за 29.05.2020 година), Ве информираме дека Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија достави официјално писмено Известување бр.08-14/8 од 19.05.2020 година преку кое го истанка својот став во однос на точка 5, точка 6 и точка 7 од дневниот ред (работен дел) на Јавниот повик за свикување на предметното собрание бр.02-3199/2-1.

Интегралниот текст на Известувањето бр.08-14/8 од 19.05.2020 година доставено од Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија преставува составен дел на оваа објава на ценовно чуствителна информација

Со почит,

**Претседател на Управен одбор**

**Бошко Андов**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 6б, Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија/ rr.Makedonija Pa Nr Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 08-14/8
19.05.2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
АД за осигурување и реосигурување Македонија- Виена Иншуренс Груп
ул. 11 Октомври бр.25, Скопје
г. Бошко Андов, Претседател на Управен одбор

Предмет: Известување

Почитуван г. Андов,

АД за осигурување и реосигурување Македонија- Виена Иншуренс Груп со допис од 27.4.2020 година ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување дека на 29.5.2020 година е закажано Годишно собрание на акционери, и во прилог на известувањето достави дневен ред за истото.

Како една од точките на дневниот ред е предвидено Собранието на акционери да донесе одлука за распоредување на добивката на Друштвото, исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар за деловната 2019 година.

Следејќи ги препораките на Владата на Република Северна Македонија, и на заедничкиот Европски супервизорски орган на пазарите на осигурување и капитално финансирано пензиско осигурување (ЕИОПА), а имајќи го предвид реалното домашно макроекономско окружување и конкретно предизвиците со кои е соочен домашниот пазар на осигурување, како и реалните очекувања за влошување на ликвидноста но и солвентноста на друштвата за осигурување поради очекуваните намалувања на приходите, и пред се на паричните приливи, по сите основи, во услови на исти, или дури зголемени обврски и парични одливи, Агенцијата за супервизија на осигурување уште еднаш ги повикува членовите на Управниот одбор на друштвото за осигурување да ги известат акционерите на Друштвото за потребата од воздржување од носење на одлука за исплата на дивиденда од добивката за 2019 година на АД за осигурување и реосигурување Македонија- Виена Иншуренс Груп.

Агенцијата за супервизија на осигурување смета дека добивката од работењето на Друштвото за 2019 година треба да биде искористена во целост за зголемување на резервите на сигурност и останатите резерви на Друштвото. Паричните средства првично наменети за исплата на дивиденди на акционерите да се задржат во високоликвидни пласмани на Друштвото кои евентуално би се искористиле доколку настанат непредвидени, неочекувани обврски од работењето до крајот на годината, а што за жал, е повеќе од извесно дека ќе настанат до крајот на 2020 година.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

На овој начин, нема да биде нарушена ликвидноста на Друштвото во овие вонредни услови на работење.

Ве молиме овој став на Агенцијата да го споделите со акционерите на Друштвото.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,

Крсте Шајноски